ВОВЕД:

I.ОЦЕНКА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИТЕ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Основна причина заради која е поведена иницијатива за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија" број 46/04...23/16) е усогласување со одредбите од Предлог -Законот за изменување и дополнување на Законот за јавно обвинителство, Законот за изменување и дополнување на Законот за народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија" број 35/18), и Законот за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија" број 71/18). барањата на Европската конвенција за човекови права и нејзиното прецедентно право, наодите на Европскиот комитет за превенција од тортура, мислењето на Комесарот за човекови права на Советот на Европа во однос на независното и ефикасното одлучување по жалбите против полицијата и другите меѓународни стандарди.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Предложените изменувања и дополнувања на Законот за Царинската управа имаат за цел усогласување на одредбите на Законот за Царинската управа со Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за јавно обвинителство, Законот за изменување и дополнување на Законот за народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија" број 35/18), и Законот за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија" број 71/18), барањата на Европската конвенција за човекови права и нејзиното прецедентно право, наодите на Европскиот комитет за превенција од тортура, мислењето на Комесарот за човекови права на Советот на Европа во однос на независното и ефикасното одлучување по жалбите против полицијата и другите меѓународни стандарди.

Со измените на Законот за Царинска управа, царинските службеници со посебни овластувања кои работат на откривање на кривични дела, можат да поднесат писмено барање (предлог) до надлежниот јавен обвинител преку кој ќе побараат, судијата на претходна постапка да им издаде писмена наредба за спроведување на посебната истражна мерка „следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации".

Со измените на Законот за Царинска управа, Царинската управа задолжително соработува со Народниот правобранител – механизам за граѓанска контрола особено во случаи кога тој спроведува постапката заради утврдување на пречекорување на овластувањата и незаконитост во постапувањето на овластените лица на Царинската управа кои работат на откривање на кривични дела, на начин што му ги доставува сите докази податоци и информации без оглед на степенот на нивната доверливост.

Пречекорувањето на овластувањата и незаконитоста во постапувањето на царинските службеници, кои ги истражува Народниот правобранител се однесуваат на употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба при што како последица била предизвикана смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово нечовечко или понижувачко постапување и казнување, доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност.

Исто така со измените во Законот за Царинска управа се овозможува отпочнување на кривична постапка за извршени кривични дела сторени од страна на лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција. Целта е да се воспостави надворешен механизам за контрола над работата на лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, кој ќе обезбеди непристрасност, објективност во постапувањето во случаите кога постои сомнение дека се сторени кривични дела од страна на лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција и поголема заштита на човековите права и слободи.

Постапката започнува по добиено сознание за кое постојат основи на сомнение дека со закон овластените лица на Царинската управа кои работат на откривање на кривични дела, ги пречекориле своите службени овластувања и ги повредиле слободите и правата на граѓаните, односно извршиле кривично дело при вршење на службено дејствие или извршиле кривично дело вон службата. За пречекорување на овластувањата ќе се смета дека ги извршиле доколку со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба при што како последица предизвикале смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово нечовечко или понижувачко постапување и казнување, доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност.

Со измените на Законот за Царинска управа, Царинската управа е должна без одлагање да го извести специјализираното одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција кое ја утврдува оправданоста од употребата на огнено оружје од овластените службени лица во Царинската управа

Со измените во Законот за Царинска управа се овозможува и соработка на Царинската управа со Народниот правобранител -механизам за граѓанска контрола на начин што, доколку Народниот правобранител побара од Царинската управа да му ги обезбедува сите докази, податоци и информации кој му се потребни заради спроведување на постапката за утврдување на одговорност на овластените лица на царинската управа кои работат на откривање на кривични дела а кои извршиле кривични дела при вршење на службено дејствие или извршиле кривично дело вон службата, должен е истите да му ги обезбеди без оглед на степенот на доверливост, со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има

смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово нечовечко или понижувачко постапување и казнување.“

## III. ОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлог законот ќе предизвика фискални импликации во Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИНОТ НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНА ОБВРСКА ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

За спроведување на Законот за изменување и дополнување Законот за Царинската управа има потреба обезбедување на финансиски средства, и тоа во делот на набавка на опрема за која во моментов нема анализа за видот и типот на опремата како и можни нови вработувања кои би работеле во организациониот облик кој во Царинската управа ќе се формира. Подетални информации ќе се добијат од формираната Меѓуресорски работна група која ќе предложи модел на реформа на безбедносно - разузнавачкиот систем.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
# ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКА УПРАВА

**Член 1**

Во Законот за Царинска управа („Службен весник на Република Македонија" број 46/2004, 81/2005, 107/2007, 103/2008, 64/2009, 105/2009, 48/2010, 158/2010, 53/2011, 113/2012, 43/2014, 167/2014, 33/2015, 61/2015, 129/2015, 23/2016 и 120/18), во член 10 во ставот 1 по точка 22 се додава нова точка 23 која гласи:

„23) поднесување барање за спроведување на посебна истражна мерка – следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации, во писмена форма до надлежен јавен обвинител.

Точката 23 станува точка 24.

**Член 2**

Во членот 19 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4)Царинската управа е должна да соработува со Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола и на негово барање да му ги обезбеди сите докази, податоци и информации без оглед на степенот на доверливост и да му овозможи непречено спроведување на постапката заради утврдување на постапувањата на овластените лица на царинската управа кои работат на откривање на кривични дела а кои извршиле кривични дела при вршење на службено дејствие или извршиле кривично дело вон службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово нечовечко или понижувачко постапување и казнување."

**Член 3**

По членот 44-а се додава нов член 44-б, кој гласи:

„Член 44-б

1) По добиено сознание за постоење на основи на сомнение дека со закон овластените лица на Царинската управа кои работат на откривање на кривични дела, извршиле кривично дело при вршење на службено дејствие или извршиле кривично дело вон службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово нечовечко или понижувачко постапување и казнување, доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност, Царинската управа без одлагање го известува Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција.

**Член 4**

Во член 63 во ставот (3), по зборовите „Законот за административни службеници" се додаваат зборовите „и Закон за работните односи,".

**Член 5**

Во членот 73-а во ставот (1 ) по алинеја 27 се додава нова алинеја која гласи:

„- изврши кривично дело при вршење на службено дејствие или изврши кривично дело вон службата со употреба на сериозна закана сила или средства за присила при што како последица предизвикало смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување, доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност како овластено лице во Царинска управа."

**Член 6**

Се овластува Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за Царинската управа.

**Член 7**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Основна причина заради која е поведена иницијатива за изменување и дополнување на Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија" број 46/04...120/18) е усогласување на одредбите на Законот за Царинската управа со Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за јавно обвинителство, Законот за изменување и дополнување на Законот за народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија" број 35/18), и Законот за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија" број 71/18), барањата на Европската конвенција за човекови права и нејзиното прецедентно право, наодите на Европскиот комитет за превенција од тортура, мислењето на Комесарот за човекови права на Советот на Европа во однос на независното и ефикасното одлучување по жалбите против полицијата и другите меѓународни стандарди.

Целта е да се воспостави надворешен механизам за контрола над работата на лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција, кој ќе обезбеди непристрасност, објективност во постапувањето во случаите кога постои сомнение дека се сторени кривични дела од страна на лица со полициски овластувања и припадници на затворската полиција и поголема заштита на човековите права и слободи.
Предлогот на законот за изменување и дополнување на Законот за Царинска управа содржи 7 члена.

Со членот 1 од предлогот се дополнува членот 10 од Законот со нова точка 23, со која согласно законот за следење на комуникациите, царинските службеници со посебни овластувања кои работат на откривање на кривично дела можат да поднесат писмено барање (предлог) до надлежниот јавен обвинител преку кој ќе побараат, судијата на претходна постапка да им издаде писмена наредба за спроведување на посебната истражна мерка „следење и снимање на телефонските и другите електронски комуникации".

Со членот 2 од предлогот се дополнува членот 19 со нов став 4 со кој Царинската управа се обврзува да соработува со Народниот правобранител - механизам за граѓанска контрола особено во случаи кога тој спроведува постапката заради утврдување на пречекорување на овластувањата и незаконитост во постапувањето на овластените лица на Царинската управа кои работат на откривање на кривични дела. Царинската управа е должна на барање на Народниот правобранител, да му ги достави сите докази, податоци и информации без оглед на степенот на нивната доверливост. Пречекорувањето на овластувањата и незаконитоста во постапувањето на царинските службеници, а кои ги истражува Народниот правобранител се однесуваат на употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба при што како последица била предизвикана смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово нечовечко или понижувачко постапување и казнување, доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност.

Со членот 3 од предлогот се додава нов член 44-б со кој Царинската управа задолжително и без одлагање го известува Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од страна на лица со полициски овластувања, кое е специјализирано одделение

во состав на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Вакво известување Царинската управа доставува до специјализираното одделение само во случај кога, овластените лице на Царинската управа кои работат на откривање на кривични дела извршиле кривично дело при вршење на службено дејствие или извршиле кривично дело вон службата со употреба на сериозна закана, сила или средства за присилба што за последица има смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово нечовечко или понижувачко постапување и казнување, доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност.

Со членот 4 се врши дополнување на членот 63 каде во ставот (3) се додаваат зборовите „и Законот за работни односи"

Со членот 5 од предлогот се дополнува членот 73-а од Законот со нова алинеја со која се предвидува можноста на царинскиот службеник да му се откаже договорот за вработување поради кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на обврските утврдени со закон, колективен договор, правилата и прописите на Царинската управа, актот за систематизација на работните места во Царинската управа и договорот за вработување, доколку изврши кривично дело при вршење на службено дејствие или изврши кривично дело вон службата со употреба на сериозна закана сила или средства за присила при што како последица предизвикало смрт, тешка телесна повреда, телесна повреда, противправно лишување од слобода, мачење и друго сурово, нечовечно или понижувачко постапување и казнување, доколку со закон е предвидено кривично гонење по службена должност како овластено лице во Царинска управа."

Со членот 6 се овластува законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за Царинска управа.

Со членот 7 се воведува влегувањето во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со овој закон ќе се изврши усогласување на Законот за Царинска управа со одредбите на Законот за изменување и дополнување на Законот за изменување и дополнување на Законот за јавно обвинителство, Законот за изменување и дополнување на законот за народниот правобранител („Службен весник на Република Македонија" број 35/18), барањата на Европската конвенција за човекови права и нејзиното прецедентно право, наодите на Европскиот комитет за превенција од тортура, мислењето на Комесарот за човекови права на Советот на Европа во однос на независното и ефикасното одлучување по жалбите против полицијата и другите меѓународни стандарди.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Предложените изменувања на Законот за Царинската управа имаат за цел ефикасно и еднообразно спроведување на законските одредби.